МРТ

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**Бул. Гоце Делчев 66 1000 Скопје, Тел**
**www.mrt.com.mk**

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 20-335/2
17.01.2018 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 66 став 1 алинеја 10 од Статутот на ЈРП Македонска радио-телевизија број 01-765/1 од 30.01.2015 година и член 20 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција (Службен весник на РМ бр.119/2013), а во врска со вториот квартален конкурс од 2017 година, објавен на 01.04.2017 година, Директорот на ЈРП Македонска радио-телевизија Скопје, на ден 17.01.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за поништување на**
**Одлуката за избор на изведувачи односно на нови композиции**
**бр.20-1975/15 од 05.01.2018 година**

**Член 1**

Одлуката за избор на изведувачи односно на нови композиции бр.20-1975/15 од 05.01.2018 година од вториот квартален конкурс 2017 година, објавен на 01.04.2017 година донесена од Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија Скопје СЕ ПОНИШТУВА.

**Член 2**

Со донесувањето на оваа Одлука за поништување се смета дека Одлуката за избор на изведувачи односно на нови композиции бр.20-1975/15 од 05.01.2018 година нема никакво правно дејство, односно дека не произвела правни последици и не може да произведе никакви правни последици во иднина.

**Член 3**

Оваа Одлука веднаш да се објави на веб страницата на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на член 3 од Законот за поддршка на домашна музичка продукција, а со цел потикнување на развојот на домашната забавна и народна музика, ЈРП Македонска радио-телевизија Скопје, со средства од Буџетот на Република Македонија, а по пат на конкурс, секоја година ќе финансира создавање на 200 нови композиции.

Со Решение број 20-1504/4 од 07.04.2017 година, Директорот на ЈРП МРТ Скопје утврди Листа од која се избираат членови на Комисија за избор по конкурс за создавање на нови композиции, а согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција.

Врз основа на член 16 од Законот по случаен избор (лотариски систем) се изврши избор од Листата на членови и со Одлука број 20-1975/3 од 19.07.2017 година од Директорот на ЈРП МРТ беше формирана Комисијата за избор по конкурс која ќе учествува во постапка за одлучување по вториот квартален конкурс од 2017 година, објавен во месец април 2017 година.

Комисијата во состав: Цане Петров-претседател, Тоде Спасовски, Лилјана Автовска, Кирил Зарлинов, Весна Маљановска и Златко Попчевски - членови, по преслушувањето на композициите и разгледувањето на пријавите со потребните документи до Директорот на ЈРП МРТ достави Извештај бр.20-1975/5 од 19.09.2017

година со предлог и мислење за ПРИФАТЕНИ композиции на конкурсот за вториот квартал во 2017 година.

Примопредавање на документацијата од вториот квартален конкурс 2017 година помеѓу Комисијата од вториот квартален конкурс 2017 година и Координаторот на Работната група за спроведување на Законот за поддршка на домашна музичка продукција – Оливер Димитров е извршена на ден 04.10.2017 година.

Дополнително на ден 27.12.2017 година од Комисијата е доставен Извештај со предлог и мислење за ПРИФАТЕНИ композиции на конкурсот за вториот квартал во 2017 година, заведен под бр.20-1975/12 до Директорот на МРТ.

Со Известување бр.17-10405/2 од 29.12.2017 година, а примено во МРТ на ден 04.01.2018 година, Министерството за култура ја извести МРТ дека ќе преведе средства за исплата на Одлуките за првиот квартален конкурс 2017 година и договорите склучени по тој основ, а врз основа на доставената документација од МРТ.

Со истиот допис е побарано од МРТ да ги достави одлуките за избор односно неизбор на изведувачи и фотокопии од склучени договори во врска со вториот, третиот и четвртиот квартален конкурс 2017 година, со цел планирање на средства од буџетот за 2018 година и исплата на истите. Овие податоци со дописот беше побарано да се доставаат до 29.12.2017 година.

Со оглед на тоа дека во МРТ дописот е примен на 04.01.2018 година, Директорот на МРТ веднаш на ден 05.01.2018 година ги објави Одлуките од вториот и третиот квартал 2017 година, додека за четвртиот квартален конкурс 2017 година рокот за поднесување на апликации заврши на ден 28.12.2017 година.

На ден 12.01.2018 година во просториите на МРТ беше извршен инспекциски надзор од претставници на Министерството за култура, при кој по извршената проверка е констатирано дека се пробиени роковите за носење на овие одлуки, односно донесени се на 05.01.2018 година и согласно тоа дадени се насоки дека овие одлуки треба да бидат поништени.

Директорот на МРТ со цел правилна примена на законите, а во согласност со изнесеното мислење и дадените насоки од страна на Министерството за култура веднаш пристапи кон поништување на донесените одлуки за избор и неизбор за вториот и третиот квартал 2017 година, поради што донесе одлука како во диспозитивот.

**Јавно радиодифузно претпријатие**
**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје**